Врз основа на член 15 точка 3 и 15 од Статутот на ЗП Охрид и Дебрца,Собранието на одржаната петта седница на 11.03.2017 година донесе,

# О Д Л У К А

За усвојување на годишната завршна сметка за 2016 година на
ЗП Охрид и Дебрца.

Член 1

Членовите на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца ја разгледаа и донесоа одлука со мнозинство на гласови од присутните со која ја усвоија годишната завршна сметка,како и начинот за постапување и распределба на нето добивката остварена во 2016 година во З.П.

Член 2

Завршната годишна сметка на ЗП Охрид и Дебрца ја усвои ао утврдување на следните податоци:

| | |
|---|---|
| **Остварен приход од членарина** | **3.202.900,00 денари** |
| **Остварени вонредни приходи** | **60.084.00 денари** |
| **Други приходи по разни основи** | **233.545.00 денари** |
| **Вкупно приходи** | **3.496.929.00 денари** |
| **Вкупно реализирани приходи** | **2.653.833.00 денари** |
| **Разлика** | **842.837. 00 денари** |
| **Данок на добивка** | **123.837.00 денари** |
| **Нето добивка** | **718.859.00 денари** |

Член 3

Собранието одлучи остварените средства од нето добивката во 2016 година да биде распределена и пренесена на редовната сметка за работа на ЗП Охрид и Дебрца за 2017 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето и е во прилог на записникот од седницата на собранието заедно со донесената одлука со кој е усвоена годишниот извештај за работа на органите и телата на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца за 2016 година.

Член 5

Оваа одлука ќе биде објавена на подстраната на ЗП Охрид и Дебрца на Веб страната на СЗПМ согласно законот.

**Собрание на ЗП Охрид и Дебрца**
**Претседател на Собранието**
**Д-р Димитар Спасески**